Сектор за инспекциски надзор,
Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор

ИП1број 24-208
од 12.5.2026 година

Записник за извршен редовен инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 12.5.2026 година со почеток во 12:40 часот.

На 12.5.2026 година од страна на Општина Штип, Сектор за инспекциски надзор, Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор, преку Лазар Хаџи-Николов, општински комунален инспектор со службена значка и легитимација со број 33-0011, изврши редовен инспекциски надозор над работењето [redacted], со седиште на адреса [redacted] Штип и ЕМБС [redacted] и [redacted], со одговорно лице во правното лице [redacted] со адреса на живеење ул. [redacted] Штип.

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на месечен план за работа на инспекторт за месец мај 2026 година, со цел да се инспектира дали субјектот на надзор постапува согласно одредбата од член 14 став 1 алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024), односно дали поставената урбана опрема маси и столови пред угостителски објект – типски објект на локација УО 78 и 79 на КП 6663/2 КО Штип 5 се поставени во согласност со одобрение за поставување на урбана опрема издадено од надлежен јавен орган.

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: **ДА** НЕ

При редовниот инспекциски надзор инспекторот се легитимираше со службена значка и легитимација.

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):

При увидот на самото место во угостителскиот објект се затекна лицето [redacted] – управител на правното лице [redacted] субјект на надзор.

Од страна на управителот на субјектот на надзор на општинскиот комунален инспектор при надзорот му беше доставена на увид следнава документација:

- Решение за добивање на право за поставување типски објекти (урбана опрема) на подрачје на Општина Штип, Јавен оглас бр.02/2024 бр.09-5204/6 од 10.9.2024 година издадено од градоначалникот на Општина Штип;
- Договорт за добивање право за пиставувцање типски објекти (урбана опрема) бр.03-6115/1 од 1.10.2024 година согласно која се дозволува поставување на типски објекти на локација УО 78 и 79

на КП 6663/2 КО Штип 5 во вкупна површина од 18 м² во времетраење од 5 години почнувајќи од 1.10.2024 година;

- Тековна состоба бр.0805-50/150020250130729 од 7.4.2025 година;
- Одобрение за поставување на урбана опрема УП1бр.20/25-240 од 11.6.2025 година и
- Елаборат за користење на јавна површина со урбана опрема-летна тераса со тех.бр.325/25 изработен од [redacted] со бр.325/25 од 28.5.2025 година.

При увид во одобрениот Елаборат за користење на јавна површина со урбана опрема-летна тераса со тех.бр.325/25 изработен од [redacted] со бр.325/25 од 28.5.2025 година, а заведен од страна на Општина Штип со бр.20/25-240 од 4.6.2025 година и Одобрението УП1бр.20/25-240 од 11.6.2025 година се констатираше дека на субјектот на надзор му е одобрено поставување на урбана опрема – маси и столови за дејност угостителство на површина од 65 м² на КП 6663/2 од КО Штип 5.
Од увидот на самото место се констатираше дека освен на одобрената јавна површина субјектот на надзор поставил 8 маси со столови и на јавна површина непосредно до оградата спрема р.Отиња за која не поседува соодветно одобрение.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:

Субјектот на надзор [redacted] ТП Штип, надвор од одобрената јавна површина согласно Одобрение за поставување на урбана опрема УП1бр.20/25-240 од 11.6.2025 година поставил 8 маси со столови и на јавна површина непосредно до оградата спрема р.Отиња за која не поседува соодветно одобрение.

Со ова субјектот на надзор сторил повреда на одредбата од член 14 став 1 алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024).

Заради остварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:

Опомена со определување на рок за отстранување на констатираните неправилности.

По завршувањето на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: **ДА** НЕ.

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

_____
_____
_____
_____

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор):

_____

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да гс потпише записникот заради следните причини:

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 12.5.2026 година во 13:10 часот.

Прилози кон записникот:
- 1 фотографија од самото место.

Согласно член 65 став 2 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.135/2025 и 269/2025) примерок од свој записник се доставува на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека се согласува со неговата содржина.

Согласно став 3 од истиот член и закон поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, не беше можно да се состави записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор, па поради тоа записникот се состави во службените простории на инспекцијата во рок од три дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор.

м-р Лазар Хаџи-Николов,
советник комунален инспектор при Општина Штип
број на службена значка и легитимација 03-0011



ИП1бр.24-208
Датум: 2.6.2026 година

Одделението за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор при Општина Штип, преку Лазар Хаџи-Николов – општински комунален инспектор со службена легитимација број 33-0011, врз основа на член 68 став 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/2025 и 269/2025), а в.в. со член 14 став 1 алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија" бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122/2021 и 255/2024), во врска со извршениот редовен инспекциски надзор над работењето на субјектот на надзор [redacted], а врз основа на фактичка состојба утврдена со Записник ИП1бр.24-208 од 12.5.2026 година го донесе следното:

РЕШЕНИЕ
(Инспекциски акт)

1. Се изрекува инспекциска мерка – ОПОМЕНА на субјектот на надзор [redacted] Штип, со седиште на адреса ул.[redacted] Штип и ЕМБС [redacted], со одговорно лице во правното лице [redacted] со адреса на живеење ул. [redacted] во Штип, да преземе мерки, дејствија и активности за отстранување на констатираните недостатоци од Записникот ИП1бр.24-208 од 12.5.2026 година и тоа:
   1) Да преземе дејтвија со кои од јавна површина пред угостителски објект на ул.Кеј Маршал Тито на КП 6663/2 од КО Штип 5, ќе ја отстрани урбаната опрема маси, столови поставени на јавна површина за кои не е одобрено поставување на урбана опрема со Одобрението за поставување на урбана опрема издадено од градоначалникот на Општина Штип.
   Рок: 3 (три) дена од приемот на овој инспекциски акт.
2. Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на диспозитивот на овој инспекциски акт е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на иснепкциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата, писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот за дали е извршена иснпекциската мерка .
3. Се задолжува субјектот на инспекциски надзор од точка 1 на диспозитивот на овој инспекцики акт , во рок од 15 дена да ги надомести трошоците за вршење на инспекцискиот надзор , во износ од (износ на трошоците)___/___ денари, на жиро сметка број___/___.
4. Жалбата изјавена против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Образложение

Одделението за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор при Општина Штип врз основа на член 68 став 2 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/2025 и 269/2025)), а в.в. со член 14 став 1 алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен

весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024), преку Лазар Хаџи-Николов – општински комунален инспектор со службена легитимација број 33-0011 изврши редовен инспекциски надзор над субјектот на инспекциски надзор [redacted] Штип, со седиште на адреса [redacted] Штип и ЕМБС [redacted], со одговорно лице во правното лице [redacted] со адреса на живеење [redacted] во Штип, во кој е констатирано дека:

Субјектот на надзор [redacted] спротивно на член 14 став 1 алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024), пред угостителскиот објект, лево од влезот, на јавна површина освен на одобрената јавна површина со Одобрението УП1бр.20/25-240 од 11.6.2025 година субјектот на надзор поставил 8 маси со столови и на јавна површина непосредно до оградата спрема р.Отиња за која не поседува соодветно одобрение.

Субјектот на надзор постапил спротивно на одредбата од член 14 став 1 алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 44/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024).

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекцисник акт.

ПРАВНА ПОУКА: Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до надлежниот орган за одлучување во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на истиот. За жалабата се плаќа административна такса 250,00 денари.

Општински комунален инспектор,
М-р Лазар Хаџи-Николов

ОПШТИНА ШТИП

MKS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008

Сектор за инспекциски надзор,
Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор

ИП1број 24-208
од 15.6.2026 година

Записник за извршен контролен инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 15.6.2026 година со почеток во 12:40 часот.

На 15.6.2026 година од страна на Општина Штип, Сектор за инспекциски надзор, Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – главен инспектор, преку Лазар Хаџи-Николов, општински комунален инспектор со службена значка и легитимација со број 33-0011, изврши контролен инспекциски надозор над работењето на [redacted] Штип, со седиште на адреса [redacted] и ЕМБС [redacted], со одговорно лице во правното лице [redacted] со адреса на живеење ул. [redacted] Штип.

Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на месечен план за работа на инспекторт за месец мај 2026 година, по составен Записник ИП1бр.24-208 од 12.5.2026 година и изречена инспекциска мерка опомена со Решение ИП1бр.24-208 од 2.6.2026 година, со цел да се инспектира дали субјектот на надзор ги отстранил констатираните неправилности од Записникот од контролен инспекциски надзор ИП1бр.24-208 од 2.6.2026 година и дали постапил по инспекцискаата мерка – опомена од Решението ИП1бр.24-208 од 2.6.2026 година, односно дали е во согласност со одредбата од член 14 став 1 алинеја 11 од Закон за јавна чистота („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/2008; 64/2009; 88/2010; 114/2010; 23/2011; 53/2011; 80/2012; 163/2013; 64/2015; 147/2015 и 31/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/2021 и 255/2024), и дали поставената урбана опрема маси и столови пред угостителски објект типски објект на локација УО 78 и 79 на КП 6663/2 КО Штип 5 кои се поставени спротивно на одобреното од Одобрението УП1бр.20/25-240 од 11.6.2025 година

При инспекцискиот надзор се употребени листи за проверка: ДА **НЕ**
При контролен инспекциски надзор не се пополнува листа за проверка.

При контролниот инспекциски надзор инспекторот се легитимираше со службена значка и легитимација.

При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):

На самото место при надзорот беше присутен претставник на субјектот на надзор [redacted] вработена како келнер во субјектот на надзор.

Се констатираше дека од страна на субјектот на надзор е постапено по изречената инспекциска мерка наредба со Решене ИП1бр.24-208 од 2.6.2026 година и истиот прибавил ново Одобрение за

поставување на урбана опрема УП1бр.20/26-271 од 2.6.2026 година, согласно кое одобрение се одобрува јавната повцршина на која се поставени масите и столовите пред угостителскиот објект.

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:

Не се констатирани неправилности, односно констатираните недостатоци од Записник ИП1бр.24-208 од 12.5.2026 година се отстранети.

Заради остварување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:

/.

Поради ова, врз основа на член 68 став 4 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 135/2025 и 269/2025) постапката СЕ ЗАПИРА .

По завршувањето на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: **ДА** НЕ.

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:

_____
_____
_____
_____

(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор):

_____

Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:

_____
_____
_____
_____

Инспекцискиот надзор е завршен на ден 15.6.2026 година во 13:00 часот.

Прилози кон записникот:

- /

Согласно член 65 став 2 од Закон за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/2025 и 269/2025) примерок од овој записник се доставува на потпишување до субјектот на инспекцискиот надзор. Доколку во рок од осум дена од денот на приемот на записникот, субјектот на инспекциски надзор не се произнесе во однос на доставениот записник или не го врати потпишан, се смета дека се согласува со неговата содржина.

Согласно став 3 од истиот член и закон поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, не беше можно да се состави записник на местото на вршење на инспекцискиот надзор, па поради тоа записникот се состави во службените простории на инспекцијата во рок од три дена од денот на завршувањето на инспекцискиот надзор.

м-р Лазар Хаџи-Николов,
советник комунален инспектор при Општина Штип
број на службена значка и легитимација 03-0011